


# ЕМИСИЈА

# И РЕДУКЦИЈА НА ЕНЕРГИЈА

МИСЛЕЈЌИ НА ГЛОБАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ ДЕЈСТВУВАМЕ И ПРИДОНЕСУВАМЕ ЛОКАЛНО

BATO&DIVAJN
graphic center

Еден од долгорочните корпоративни принципи на компанијата Бато и Дивајн е токму заштитата на животната средина преку намалување на потрошувачката на енергија и емисијата на гасови. Имплементираниот систем за менаџирање со животната средина, ISO 14001, веќе неколку години наназад е дел од интегративниот систем за менаџирање со квалитетот и добрата производствена практика.

Заштитата на животната средина е инкорпорирана во нашата филозофија и во начинот на кој секој наш вработен реагира и постапува во однос на ова прашање. Постапките и чекорите кои ги преземаме за намалување на емисијата на јаглерод диоксид, редукцијата на потрошувачката на електрична енергија, намалувањето на отпадот се начините на кои ние како компанија придонесуваме за намалување на ефектите од овој глобален проблем. Со тоа помагаме како на општеството во целина, така и на синџирот на производство, вклучувајќи ги и нашите вработени.

BATO&DIVAJN
graphic center

Бато и Дивајн има изготвено Студија за енергетска ефикасност, која претставува вовед во големиот број имплементирани решенија и мерки кои се во процес на реализација, но ги вклучува и плановите кои треба да се реализираат.

Како придонесува Бато и Дивајн за намалувањето на емисијата на гасови и создавањето ефект на стаклена градина:

- Редукција на емисијата на CO2 при процесот на печатење преку набавка на репроматеријал во специфичен формат, користење хартија со помала тежина (г/м²) и зголемување на производните серии.
- Набавка на репроматеријал единствено од добавувачи кои поседуваат еколошки сертификати за производите што ги нудат и се сертифицирани според ФЦС-процедурите.
- Намалување на отпадот од хартија преку континуирана строга контрола, селекција и следење на создадениот отпад, како и подигнување на свеста на вработените и добавувачите за значењето на отпадот и потребата од негово намалување.
- Рециклирање на отпадот создаден при производството на хартија, плочи, алуминиум, пластика, дрво и фолија соработувајќи со специјализирани компании за таа намена.
- Намалување на емисијата при испорака на готов производ преку детално планирани испораки и дефинирање на најкратките растојанија до крајните клиенти.
- Процесирањето на офсетни плочи е намалено на минимум преку користење на најнова технологија и ЦТП-машина со неколкукратна контрола пред нивната изработка.
- Оптимизација на потрошувачката на боја преку контролирано дизајнирање производи и употреба на фини растери со кои се редуцира покриеноста на печатениот табак.
- Контрола и мерење на потрошувачката на електрична енергија преку инсталација на мерни уреди и софтвер за контрола на потрошувачката на електрична енергија и врвното оптоварување, како и давање приоритет на машините и избегнување на создавањето пикови во мрежата со заштеда до 20% на годишно ниво.
- Инсталација на компензациски батерии за регулација на активната и реактивната енергија. Реализацијата на оваа инвестиција придонесе за намалување на потрошувачката на електрична енергија и заштеда од 6-8% на годишно ниво.
- Намалување на потрошувачката на електрична енергија преку промена на севкупното осветлување и инсталацијата на високоефективни светилки со висока моќност (>0,9) а мала потрошувачка и заштеда до 25% на годишно ниво.
- Заштеда на топлинска енергија со замена на радијаторските вентили со термостатски, воведување рекуператорски секции, реконструкција на котларата и воведување автоматска регулација, а со тоа заштедата на годишно ниво е 7-9й.
- Користење енергија од алтернативни извори, поставување на сончеви колектори и искористување на геотермалната енергија.
- Зголемување на свеста кај вработените преку советувања, презентации и укажувања за значењето и придонесот што тие го имаат во целиот процес за намалување на емисијата на штетни гасови и заштедата на енергијата.



BATO&DIVAJN
graphic center

Наведените мерки се само дел од континуираниот ангажман и посветеноста на нашата компанија кон овој глобален проблем.

Заштитата на животната средина пред сé, преку намалување на потрошувачката на енергијата и емисијата на штетни гасови треба да придонесе за намалување на негативните последици кои се сé поизразени. Со проактивно дејствување кон заштитата на нашата планета Земја, ќе го продолжиме нејзиниот живот, а со тоа и животот на сите суштества со кои е населена.

Компанијата Бато и Дивајн континуирано работи на ова прашање, а секој вработен е посветен кон целосна имплементација и непрекината контрола на секоја мерка за намалување на сите негативни ефекти од климатските промени и заштита на животната средина.